РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 09-1887/1
10. 12 2021 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка" бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Врз основа на Програмите за работа на Советот на Општина Македонска Каменица, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица го објавува следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**

Се известуваат сите заинтересирани Здруженија на граѓани и фондации; спортски клубови и други форми на здружување во областа на спортот дека, согласно Програмите за работа на Советот на Општина Македонска Каменица за 2022 година, Градоначалникот објавува јавен повик за доставување на барање за финансиска поддршка од Буџетот на Општина Македонска Каменица.

Доколку сакате Вашите активности да бидат финансиски поддржани од Буџетот на Општина Македонска Каменица, потребно е да доставите барање до Советот на Општина Македонска Каменица.

Со барањето потребно е да доставите:

- Тековна состојба (да не биде постара од шест месеци од денот на издавање до денот на поднесување на апликацијата);
- Статут;
- Годишна програма за работа;
- Листа на реализирани проекти, домашни и заеднички проекти со Општината (доколку Здружението постои повеќе од една година).

Јавниот повик се однесува за Здруженија на граѓани и фондации; спортски клубови и други форми на здружување во областа на спортот, чие седиште е на територијата на Општина Македонска Каменица.

Потребната документација треба да ја доставите најдоцна до 15.12.2021 година заедно со посебен формулар кој може да го превземете од WEB страната на Општина Македонска Каменица **www.makedonskakamenica.gov.mk** или пак да го подигнете во просториите на Општина Македонска Каменица.

**Општина Македонска Каменица**
**Градоначалник,**
**Димчо Атанасовски**

Изготвил: Анета Темчева